**ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОЕКТОТ**
**„МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ ВО 130 ТОМА“**

Во 2007 година Министерството за култура на Република Македонија започна со реализација на еден обемен проект озаглавен како „Македонска книжевност во 130 тома“ (или „130 тома македонска книжевност“) во кој беа вклучени голем број составувачи, редактори, приредувачи, академици, професори, научни работници, писатели, критичари и есеисти. Веќе во 2008 година започна објавувањето и промовирањето на томовите од овој проект, а во 2009 година главнината од овој грандиозен проект и основната замисла беше реализирана. Беа објавени дела на околу 200 писатели напишани на македонски, албански, турски, ромски и влашки јазик.

Ранко Младеноски учествуваше во овој проект со подготовка на том 64 во кој беше објавен избор од поезијата на познатиот и признат македонски поет Петре Бакевски. Насловот на овој том гласи „Небесен оган“. Младеноски го изврши изборот од поезијата на Бакевски и подготви еден екстензивен предговор за целокупното поетско дело на Петре Бакевски со наслов „Длабоките корени на иднината“. Во трудот (предговорот) на Младеноски е извршена детална анализа на основните особености на поезијата од Бакевски, а се врши и еден панорамски преглед на активата на македонската книжевна критика во однос на естетските вредности на стиховите од Бакевски каде што се застапени критичко-интерпретативните судови на В. Андоновски, Ј. Владова, А. Поповски и други. Во однос на суштинските карактеристики на поезијата од Бакевски, во трудот детално се анализираат следните елементи: идентитетот (индивидуален и колективен), семантиката на темпоралната оска (минато/ сегашност/ иднина), митот и историјата како интертекст (поточно хипотекст, односно палимпсест) во стиховите на Бакевски, епската битка во лирскиот субјект, антропоморфизацијата, симболите и друго. На крајот од овој труд (интерпретација) како дел од проектот „Македонска книжевност во 130 тома“ се заклучува дека поезијата на Петре Бакевски претставува обемен, односно грандиозен литературен потфат и дека е мошне значаен дел од современата македонска литература.

НОВИНСКО
ИЗДАВАЧКО
ДРУШТВО

МИКЕНА

Да се исплати на сметка
300-0070128058-35
Комерц. банка

**7000 Битола**
Довлеџик бб • п. фах 1
тел.: 047/22 99 38
факс: 047/202 670

# ДОГОВОР

**за приредувач на изданието**

Склучен на 18.06.2008 година меѓу Издавачката куќа МИКЕНА - Битола, како издавач и Ранко Младеновски како автор, по следните точки:

**1.** Авторот, носител на авторското право, **за приредувач на изданието** го пренесува на издавачот правото за објавување на книгата Избор поезија (64) на македонски (односно албански и турски) јазик, во рамките на проектот „Македонска книжевност" на Владата на Република Македонија.

**2.** Авторот, носителот на авторското право, **за приредувач на изданието** се обврзува на издавачот да му го достави текстот на делото во интегрален облик, отчукан на компјутер до ______________ година.

**3.** Доколку авторот не го предаде ракописот во договорениот рок и со тоа го наруши издавачкиот план на МИКЕНА, ќе му се одбие 50% од предвидениот хонорар. Доколку задоцнувањето трае повеќе од еден месец, Издавачот може да го раскине договорот, со тоа што Авторот е должен да ја надомести евентуално настанатата штета, согласно постојните законски прописи.

**4.** Издавачот се обврзува творбата да ја издаде во тираж и во рок кој што се предвидени со посебен договор со Министерството за култура на Република Македонија.

**5.** Авторскиот хонорар за едно издание во рамките на едицијата „Македонска книжевност" е **11.250,00 денари** определен од страна на Министерството за култура на Република Македонија по спроведена постапка на јавна набавка.

**6.** Авторскиот хонорар **за приредувач на изданието** ќе му биде исплатен кога средствата од Министерството за култура на Република Македонија ќе бидат одобрени и префрлени на сметката на издавачот. Министерството средствата за хонорарите ги исплаќа после 30 дена по испораката на печатените изданија. После овој рок издавачот по основ потпишаниот Договор ќе го исплати хонорарот.

**7.** Издавачот е должен на авторот (застапникот) да му даде 5 (пет) примероци од книгата бесплатно.

**8.** За сите спорови по овој договор надлежен е редовниот суд во Битола.

**9.** Договорот стапува на сила кога двете страни ќе го потпишат.

Автор, застапник,

за МИКЕНА,

МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ

Петре Бакевски

# НЕБЕСЕН ОГАН

Избор и предговор

**м-р Ранко Младеноски**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-1
821.163.3-1.09 Бакевски, П.

БАКЕВСКИ, Петре
Небесен оган / Петре Бакевски; избор и предговор Ранко Младеноски. - Битола: Микена, 2008. - 218 стр. ; 21 см. - (Македонска книжевност)

Длабоките корени на иднината : стр. 5 - 21. -
Био-библиографска белешка за авторот : стр. 213-215

ISBN 978-9989-55-061-4 (кн.)
ISBN 978-9989-55-025-6 (ед.)

а) Бакевски, Петре (1947) - „Небесен оган“ -
Критики и толкувања
COBISS.MK-ID 72922890

# ДЛАБОКИТЕ КОРЕНИ НА ИДНИНАТА

Во „Мојата Итака“ од Бакевски има два стиха кои, според нашето мислење, најилустративно ја бележат суштината на потрагата, суштината на крајната цел во која и да е уметност, па дури и во која било човекова духовна дејност:

*Секогаш има едно мачно прашање: - Кои сме*
*ние? Потем - кој сум јас?...*[1]

Ваквата теза која во себе ја содржи амбицијата да биде еден од општите, глобални судови за уметноста (а во тие рамки и за литературата), би можела да ни се причини како тенденциозна или, пак, како претерана. Меѓутоа, по прочитувањето на грандиозното поетско дело на Петре Бакевски, на оној што има намера да биде интерпретатор/ толкувач на неговите стихови не му преостанува ништо друго освен да се впушти во потрага по поетските микроструктури коишто во својата семантичка нишка ја содржат срцевината на овие „бремени“ стихови - и според својата форма и според својата содржина.

Македонската книжевна критика веќе ги има посочено најосновните предизвици, стремежи и „авторски интенции“ на поетот Петре Бакевски. Така, Венко Андоновски зборува за три фази во поетското творештво на овој наш поет:

„Петре Бакевски дебитираше во македонската поезија како поет на *чистиот лирски сензибилитет*. Со книгата *Пат до летото* тој покажа дека го интересира само и само (во математички прецизната смисла на зборот) лирскиот сензибилитет... Ми се чини дека таа борба за лирски сензибилитет, за оригинална метафора во општата експлозија

[1] Петре Бакевски, Мојата Итака, Тера магика, Скопје, 2003, стр. 51.

на метафори кај сјајните претходници, кај Бакевски траеше до стихозбирката со индикативен наслов: *Раскината мапа* (1984)... Од таа книга, од таа година, во поетскиот пат на Бакевски може да се следи една интересна промена, што наивната свест на обичниот читател обично ја доживува како *физичко ширење на неговата песна*...

Со тоа, Бакевски го прави првиот свој чекор од модернистичката (метафорична) кон анти-модернистичката (метонимиска) песна...

Конечно, во овој кус дијахрониски преглед на поетскиот развој на Бакевски, покрај метафоричката (модернистичка) и метонимиската (анти-модернистичка) фаза треба да се нотира и третата, последна фаза: *постмодернистичката*. Дејвид Лоџ, како еден од верните наследници на Роман Јакобсон, тврдеше дека метафората му дава кредибилитет на модернизмот, дека метонимијата му дава кредибилитет на анти-модернизмот, а дека постојаното осцилирање меѓу метафоричкиот и метонимискиот пол на дискурсот може да го дефинира феноменот на постмодерното писмо. Таа трета фаза, кај поетот Петре Бакевски се совпаѓа со неговиот проект-трилогија: *Сто сонети, Елегии, Балади*".[2]

Јадранка Владова нуди еден мошне богат преглед на структурните особености на сонетите од Бакевски,[3] а Елена Колева во „Елегии" ќе идентификува енигматично метафорирање:

„Уште на самиот приод кон *Елегии*, веднаш се чувствува 'магнетизмот' на суштественото својство на оваа поезија - метафорирање, дури - енигматично метафорирање".[4]

Санде Стојчевски, пак, ќе регистрира две глобални карактеристики во поезијата на Бакевски:

[2] Венко Андоновски, Ребусот „Балада", во: Петре Бакевски, Балади, Спектар прес, Скопје, 1999, стр. 202-206.

[3] Јадранка Владова, Предизвикот на сонетот, во: Петре Бакевски, Сто сонети, Спектар прес, Скопје, 1997, стр. 125-152.

[4] Елена Колева, Енергија на „Скитачкото сиже", во: Петре Бакевски, Елегии, Спектар прес, Скопје, 1998, стр. 228.

„Петре Бакевски во севкупната своја поезија влече две длабоки комплементарни линии: копнежот по огромен зафат, желбата за сеопфатност и, истовремено, не помалку силната и цврста намера за згуснатост и за збитост, за сигурна и крепка рамка, за апсолутна контрола над возбудените сили и материи, во природата и во светот, еднакво како и во подрачјата што ги опфаќа песната“.[5]

Но, Стојчевски, меѓу другото, посочува уште една релевантна особеност на поезијата на Бакевски, а која се однесува на нејзината сложена структура:

„Навистина, зачудни се тоа ситуации и слики, одвај разгатливи состојби по кои го води и го повикува љубопитниот читателски дух поезијата на Петре Бакевски. Тоа се одвај замисливи визии, толку присушти, толку многу својствени на вистинската поезија. Храбри и мошне прецизни, крајно сугестивни, тие потези, тие замавнувања на перото што создаваат одвај уловливи, тешко дофатливи ситуации и слики“.[6]

Поетот Анте Поповски во поезијата на Петре Бакевски ја идентификува симбиозата меѓу митските и историските наслаги, посочувајќи ја на тој начин една од најсуштинските особености во неговите стихови:

„Од исклучително богатата и комплексна историска, митска и филозофска граѓа која и конкретно и асоцијативно е сврзана со животот и делото на Александар Македонски, Петре Бакевски се определил за историски најрелевантните, митски најавтентичните и филозофски и асоцијативно најконотативните посебности на оваа материја... Постигната е врвна поетска артикулација и синтеза на едно препознатливо историско и имагинативно писмо кое трагиката на личноста ја

[5] Санде Стојчевски, Историјата и поезијата, во: Петре Бакевски, Покосница, Спектар прес, Скопје, 1995, стр. 11.

[6] Исто, стр. 22.

вглобува во свеста и во судбината на потомствата пред и после нас“.[7]

Критичарите ја забележаа и онаа поетска енергија на Петре Бакевски која е насочена кон грижата за римата, ритамот, за метриката на стихот во неговите поетски дела со доминантен епски карактер. Андоновски вака го појаснува тоа:

„Ќе си дозволам овде, таа метрика на стихот на Бакевски од *Мојата Итака* да ја преименувам во *метрономика*. Навистина, стиховите на Бакевски се речиси *метрономски*, а не само *метрички* точни... За секој книжевен канонизиран жанр што се користи во книгата, строго се почитува метричката шема: епиникиите и псалмите, на пример, се по правило и речиси без исклучок пишувани во петнаесетерци (со анжабман!); каноните се, се разбира, со променлива *метр(ономи)ика* (во првиот канон идентификуваме шеснаесетерец, во вториот десетерец, во третиот единаесетерец, во четвртиот дванаесетерец, петтиот канон е во четиринаесетсложен стих, и така со ред, до деветтиот, според строгите *канони* на канонот)“.[8]

Овој краток преглед на односот на македонската книжевна критика кон поезијата на Бакевски ќе го заокружиме со заклучокот на Оливера Ќорвезироска во кој е содржана една значајна карактеристика на стиховите за кои зборуваме:

„Поезијата на Петре Бакевски, особено последните неколку години, се движи од митот и минатото како детство на секое постоење, кон зрелоста, сегашноста како негов (нивни) резултат или одраз во огледалото на времињата што следат“.[9]

Очигледно е дека поезијата на Петре Бакевски го добила заслуженото внимание од македонската книжевно-

[7] Анте Поповски, Поетска синтеза на историско и имагинативно писмо, во: Петре Бакевски, Во сенката на мечот, Спектар прес, Скопје, 1995, стр. 8 и стр. 43.

[8] Венко Андоновски, Епикалноста на писмото, во: Петре Бакевски, Мојата Итака, Тера магика, Скопје, 2003, стр. 33-34.

[9] Оливера Ќорвезироска, Од дамнина до далнина или Од извор до суша, во: Петре Бакевски, Литија, Детска радост, Скопје, 1998, стр. 206.

критичка мисла. Во таа македонска книжевна критика, сепак, забележливи се понекаде и дигресии кои во голема мера нè оддалечуваат од предметот за кој (треба да) се зборува, што нас нè наведува на помислата (опомената, можеби) дека - ако се зборува за поезијата на Петре Бакевски, тогаш нека се зборува за поезијата на Петре Бакевски!

Значи, ако зборуваме за поезијата на Петре Бакевски, тогаш да зборуваме за поезијата на Петре Бакевски!

Оние два стиха горе, значи, според нашето мислење, претставуваат некаква мапа, толкувачки патоказ, клуч со чија помош ќе дојдеме до семантичкиот одраз на поетското творештво од Петре Бакевски. Сите оние значенски слоеви што сме успеале (а веројатно и оние што не сме успеале!) да ги идентификуваме во неговата поезија, се однесуваат токму на тоа:

*Секогаш има едно мачно прашање: - Кои сме*
*ние? Потем - кој сум јас?*

Тоа е тој почетен импулс што го поведува поетот кон создавањето на едно такво, како што веќе беше кажано, грандиозно поетско дело чии семантички потенцијали се бескрајни, безгранични. А во сета таа бескрајна полисемија и поливалентност на стиховите, ние издвојуваме неколку клучни значенски јадра околу кои е концентрирана глобалната семантика на поезијата од Петре Бакевски. Чекор по чекор, се разбира.

*1. Индивидуален идентитет / Национален идентитет*

Читајќи ја поезијата на Бакевски, читателот како да е под постојан впечаток дека во секој стих, во секој поетски исказ се насетува таа потрага по себеси, тој напор за себеспознавање, за себеоткривање. Меѓутоа, тоа не е проблемско прашање кое секогаш треба да се бара во затскриените метафори и симболи, зашто во оваа поезија многу често се среќаваат и експлицитни поетски искази од

типот: „Во сонот се барам себеси“;[10] „јас сам со себе и сам во себе пред ширното море“;[11] „сал самотен пркос од бакарни ѕвона,/ ме тераат в корен да ѕирнам“;[12] „Тајум го барам, во време замолчано, знакот што мое/ раѓање памти!“;[13] „Ех, тешка воздишка, попусто се бараш/ таму каде што одамна те нема!“.[14] Сепак, се разбира, побројни се оние „затскриени места“ во кои имплицитно може да се пронајде тоа трагање по сопственото „јас“, тоа мачно патување до себеси.

Потрагата по индивидуалниот идентитет, во поезијата на Бакевски се одвива паралелно со една друга, слична потрага - потрагата по националниот идентитет. Општопознато е дека во време на кризи, војни и други слични бурни општествени пресврти, по автоматизам се појавува и кризата на идентитетот - како личниот, индивидуалниот, така и колективниот, националниот. Тогаш кај единката се јавува потребата да се пронајдат цврсти гаранции за лоцирање и за зацврстување на идентитетот, за негово потврдување. Со оглед на фактот што сегашноста е несигурна, лабилна, а иднината неизвесна, единката тргнува на патот кон минатото за да ги пронајде безбедните коти во кои предците го втемелиле, го потврдиле или, пак, успеале да го зачуваат тој колективен идентитет. Токму поради тој факт, во поезијата на Бакевски се забележува честото навраќање кон предците или, пак, потрагата по патеките по кои некогаш чекореле знајните и незнајните предци. И навистина, може да се наведат бројни примери како илустрација за ваквото тврдење: „И дојдов во замислената земја на моите/ предци! Дојдов сам“;[15] „Такви ли се сите/ исчезнати предели на предците!“;[16] „Срцето моли и душата моли,/ а зборовите роморат - предците мои се

[10] Сејач на глуво семе, во: Мојата Итака, цит. дело, стр. 58.
[11] Одисеј, во: Во сенката на мечот, цит. дело, стр. 164-166.
[12] Ноќни молитви за светлината, во: Балади, цит. дело, стр. 151.
[13] Името на розата, во: Елегии, цит. дело, стр. 175.
[14] Петре Бакевски, Стоби (поема), Современост, Год. 56, бр. 2, 2008, стр. 20.
[15] Мојата Итака, цит. дело, стр. 41.
[16] Исто, стр. 44.

будат!";[17] „и овде... и овде... нашите предци/ битки водеа, сето ми изгледа како во сништа";[18] „Зошто ги нема гласовите на предците,/ заветите, коските, черепите,/ каде се скриените крстови на распетијата,/ па секое распетие беше наша гордост".[19] Но, по сѐ изгледа, за ваквото тврдење најилустративни се почетните стихови од втората песна од „Магично читање на времето".

*Јас имам предци! Многу! Патувачи по светлина!*
*Кога ко бели светулки мигум исчезнуваа,*
*во скокови, за да ни оставаат небесни траги,*
*кога секој болен крик им беше крик за изгубен*
*воин, тогаш сфатив - бојното поле е за битки,*
*а потем - рамница што го чува сеќавањето!*[20]

И понатаму во истата песна:

*....Неуморно копам жедниот*
*корен да го допрам! Дал' провлечен дално, можеби*
*памети каде беше почетокот - 'ркулецот*
*што името ни го зачна!...*[21]

Сосема јасно е дека овде името го сугерира националниот идентитет кој во сегашнината е проблематизиран и кој со помош на минатото ќе биде повторно воспоставен и потврден во иднината.

*2. Минато / Сегашност / Иднина*

Една од доминантите во поезијата на Петре Бакевски е враќањето во минатото, патувањето по сенките од минатите настани и лица. Доволно е, на пример, да се погледнат само

[17] Исто, стр. 117.
[18] Антички Македонци, во: Елегии, цит. дело, стр. 79.
[19] Темел, Современост, Год. 52, бр. 5, 2004, стр. 14.
[20] Мојата Итака, цит. дело, стр. 67.
[21] Исто.

насловите на песните па да се забележи дека за овој наш поет минатото е опсесија: „Гласникот на Бригите“, „Пророкот на Пајонците“, „Запалената мапа на Троја“, „Сонот од огнените гради на баханатката Олимпија на островот Самотраки“, „Во Дион, во подножјето на Олимп“, „Тројанскиот коњ“, „Ахил“, „Хефајст“, „Антички Македонци“, „Кралот Архелај“, „Македонците не го даваат мртвиот Еврипид“, „Носталгично раскажување на Прокопиј Кесариски за Словените“, „Владимир и Косара“ и така натаму.

Од каде и зошто ваквата опсесија со или кон минатото? Затоа што во минатото лежат одговорите за сите оние прашања што денес нѐ мачат, нѐ тиштат, а за кои во сегашноста не можеме да си најдеме задоволувачко објаснување. Тука се, се разбира, и искуствата од минатото со сите свои мани и доблести и кои можат да ни ги дадат насоките за градењето на иднината. Бакевски децидно потенцира: „Нема паметење без враќање,/ Без враќање“.[22] А таму, во минатото, се и корените на човековото постоење („Ние - девствени потомци што под лицата ѕвездени/ си го бараме - коренчето“[23]), но оттаму, од дамнината, ни доаѓаат и „далечните еха на постоењето“[24] без кои не би можеле да преземаме сигурни чекори во неизвесната иднина. На таков начин Бакевски во својата поезија ја вградува онаа позната симбиоза на минатото, сегашноста и иднината.

*3. Мит / Историја*

Митолошкиот и историскиот слој во поезијата на Бакевски веќе се регистрирани од страна на книжевната критика. Таму се посочува дека во оваа поезија се релативизира границата помеѓу митот, од една, и историјата, од друга страна.[25]

---

[22] Триумфот и славата на светите маченици, во: Покосница, цит. дело, стр. 221.

[23] Меѓу живите и мртвите боишта, во: Покосница, цит. дело, стр. 228.

[24] Покосница, во: Покосница, цит. дело, стр. 281.

[25] Треба овде да се истакне дека оваа особеност не ѝ е присушта само на поезијата од Петре Бакевски. Таа карактеристика ја среќаваме и во неговите романи, раскази и особено во драмите.

Навистина се бројни митските слики и ликови кои овде, во поезијата на Бакевски, се проектираат во душевните наслаги на лирскиот субјект. Тоа е особено забележливо во првиот циклус од книгата „Елегии“ каде што во насловите од песните ги среќаваме, на пример, Икар, Сизиф и Орфеј. Па ќе наидеме таму на вакви стихови: „Каков е патот што Нарцис во мене го бара со жарче?“;[26]„Ако пак ѕирнам во водите ладни, зар ист ќе си бидам?“;[27] „Треба постојано качување во своето небо што тежи!“;[28] „зарем безнадежно патувам карпа своја да фатам,/ што од ѕвезденото небо се тркала во душата моја!“;[29] „тагата е - тага, каменот обвиткан в мрежа од тага,/ местото вечно го има - таму е каде што лежи! // Колку што сакаш бесконечно туркај го, мачнина носи!/ Ѕвездата сама си е, небото се врти во круг“.[30] Сите овие наведени цитати, во помала или во поголема мера, кореспондираат со она двостишие што го наведовме на почетокот од овој осврт кон поезијата на Бакевски: „Секогаш има едно мачно прашање: - Кои сме/ ние? Потем - кој сум јас?“. И овде, значи, доминира онаа потрага и желба за потврдување на идентитетот.

Што се однесува, пак, до оној таканаречен „историски слој“, би можеле да констатираме дека сета поезија на Бакевски изобилува со чести навраќања кон историски настани и личности кои на овој или на оној начин се поврзани со нас, со нашата земја, со нашиот народ, со она патување на нашите предци низ вековите. Се трага по славните денови, по херојското време, по возвишените настани, но сега од еден сосема поинаков аспект, од една изместена гледна точка. Овде не доминираат сцените од битките, глобалните слики на историските настани, ами се влегува во внатрешниот свет на јунаците, се бараат и се пребаруваат нивните копнежи, желби, таги, разочарувања. Се добива една сосема поинаква слика за

[26] Нарцис, во: Елегии, цит. дело, стр. 33.
[27] Исто, стр. 34.
[28] Исто.
[29] Сизиф, во: Елегии, цит. дело, стр. 28.
[30] Исто, стр. 29.

тие славни јунаци, за тие неприкосновени херои на бојното поле. Нивната надворешна решителност и храброст, на кои инсистира историјата, сега се преобразува во внатрешен немир, сомнеж, тага и болка. Бакевски не ја пресликува историјата, туку тој неа ја преобликува или, ако сакаме да бидеме малку попрецизни, ја надградува, ја надополнува, имајќи го пред себе секогаш она суштинско прашање - дали тие воини што историјата ни ги прикажува како цврсти и беспрекорно стабилни херои навистина секогаш биле такви или, пак, и тие биле луѓе од крв и месо исполнети со јад, тага, жал, внатрешен неспокој, со недоотсонувани соништа? Да - вели Бакевски - и тие биле луѓе со свои внатрешни немири и разочарувања, со слабости, и со тоа оставиле простор за некаква утеха за нас обичните смртници, за нас „ништожните“, како што вели Блаже Конески.[31] Типичен пример за ова наше тврдење се бројните стихови на Бакевски коишто се однесуваат на Александар Македонски. Овде приложуваме само неколку за кои сметаме дека се доволно илустративни:

*Кога беше осамен - ги повикуваше молњите*
*и се враќаше на магијата на раѓањето,*
*По непреспиените ноќи на боиштето на несоницата,*
*Кога ги пребројуваше мртвите и ги множеше со живите,*
*Во утеха, во мевлем ги зацелуваше живите рани*
*во срцето,*
*Неговата мапа на сонот се црташе од ѕвезда до ѕвезда,*
*И сѐ повеќе се возвишуваше во небесата,*
*Врвот на копјето го остреше во мугрите будно*
*чекајќи го првиот сончев зрак.*[32]

[31] Да се види песната *Похвала*, во: Блаже Конески, Сеизмограф, Мисла, Скопје, 1989, стр. 24-25.
[32] Белите птици што летаат по патеките на сонот кон крајот на светот, во: Во сенката на мечот, цит. дело, стр. 107-108.

Митот и историјата, значи, во поезијата на Петре Бакевски имаат улога да ги ублажат сомнежите, копнежите, тагите, болките и разочарувањата на лирскиот субјект.

Сите тие историски личности во поезијата на Бакевски често се појавуваат, да се послужиме со наратолошката терминологија, како референцијални лирски субјетки. Но, тоа не се само личности од дамнешното минато, туку и од нашата вчерашност. Ги среќаваме тука и Хомер, и Александар Македонски, учителот Леонида, Хефајстион, Еврипид, Свети Наум, Самоил, Крали Марко, Григор Прличев, Константин Миладинов, Блаже Конески, Славко Јаневски, Анте Поповски итн. Тие се соговорници на лирскиот субјект или, пак, самите тие се поставени во улога на лирски субјект. Се водат монолошки дијалози, но се водат и дијалошки монолози. Ваквиот отворен комуникациски канал со минатото, со историјата, создава една мрежа од монолози и дијалози која е насочена кон основната нишка на оваа поезија - да се одговори на двете суштински прашања: „Кои сме ние?“ и „Кој сум јас?“.

*4. Еиска биишка во лирскиоши субјекши*

Преку тие „монолошки дијалози“ и „дијалошки монолози“ се експлицира тој внатрешен судир кај лирскиот субјект - судир меѓу вербата и сомнежот, меѓу храброста и стравот, меѓу радоста и тагата, меѓу копнежот и неостварениот сон... Во суровата сегашна реалност загрозен е идентитетот и интегритетот, безбедноста и воопшто опстојувањето. Таа криза раѓа фрустрации кои неминовно водат кон конфликт, кон судир. Но, не надворешен, туку внатрешен конфликт. Конфликт во себеси и со себеси. Лирските признаци се втурнати во еден епски простор. Токму затоа во критиката најчесто може да се сретне тезата дека поезијата на Петре Бакевски е лирско-епска или епско-лирска. И токму затоа многу поетски творби на Бакевски наликуваат на поеми (од една страна згуснати, редуцирани или, пак, развиени, разгранети, од друга страна). Во прилог на

ваквото тврдење оди и податокот дека последниве неколку години Бакевски интензивно пишува и објавува поеми.[33]

Би можеле да наведеме еден мошне долг список од примери во кои лирскиот субјект ги води тие монолози и дијалози. Нема да бидеме далеку од вистината и ако кажеме дека најголемиот број од песните се пишувани токму во таква форма. Доволно е, на пример, да се погледнат двете поетски книги исполнети со балади и елегии за да се види издржаноста на ваквата теза. Или, да ја посочиме песната „Хомер"[34] како типичен пример за нашето тврдење. Тоа се гласови од дамнина, од минатото кои шепотат во тишината, кои „зборуваат молчејќи" или „молчат зборувајќи" и со тоа ги носат оние суштински пораки до идните поколенија - да се остават сомнежите и да се зграби верата и вербата во себе, зашто само така може да се зачува идентитетот по кој се копнее. Еве ја уште еднаш, по којзнае којпат, таа потрага по идентитетот, или како што вели Андоновски: „Има во таа поезија еден повик на минатото и кон минатото, една желба да се вратат постојаните, ненадоместливи, незаменливи, неваријабилни, константни вредности на човекот и светот, најдобро претставени во ликот на епскиот јунак".[35]

### *5. Интертекстуалност / Палимпсест*

Цитатноста е една од најсуштествените особини на таканаречената постмодернистичка литература. Веќе беше констатирано дека третата фаза од поетското творештво на Бакевски е постмодернистичка. Реконструкцијата на „стариот текст" во неговата поезија се одвива на неколку рамништа. Под „стар текст" ние не мора да подразбираме

---

[33] *Темел*, Современост, Год. 52, бр. 5, 2004, стр. 14; *Небесното житие на лирикот Анте Поповски* (поема), Современост, Год. 54, бр. 4, 2006, стр. 19-44; оваа поема објавена е и како посебна книга (Тера магика, Скопје, 2006); *Дива фурија* (поема), Современост, Год. 55, бр. 3, 2007, стр. 27-52.; *Стоби* (поема), Современост, Год. 56, бр. 2, 2008, стр. 14-37.

[34] Хомер, во: Во сенката на мечот, цит. дело, стр. 137-146.

[35] Венко Андоновски, Епикалноста на писмото, цит. дело, стр. 12.

„текст“ во буквална смисла на зборот. Тоа е така, зашто во поезијата на Бакевски „стар текст“ е, на пример, и Александар Македонски. Таму, во неговите стихови, „стари текстови“ се и Троја, и Хомер, и Пела, и кралот Архелај, потоа и Свети Наум, и Прличев и Конески, па Стоби итн. Но, таму има и „стари текстови“ кои се навистина стари текстови. Тоа е поезијата на Конески, поезијата на Анте Поповски, разни стари историски списи... Новите дополнувања на „празните места“ во тие палимпсести има сосема јасна цел и јасна функција - да се доискаже недоискажаното, да се допише недопишаното, да се постави новото врз старите, здрави темели. Токму во таа смисла, токму така и ја читаме веќе спомнатата поема „Темел“, на пример. Така, на тој начин, треба да се читаат и сите оние поетски творби во кои ги среќаваме познатите места, настани, личности од далечното или од блиското минато, а кои на поетот му служат за означување на новите пораки, новите премрежија, новите падови и подеми, новите потраги по идентитетот, по среќата, по остварувањето на соништата.

Еве како Бакевски од два палимпсеста (епот „Гилгамеш“ и Александар Македонски) со метафорично „пополнување“ на „празните места“ создава нова песна:

*Згаснати се ѕвездите во постелата*
*на Великиот,*
*Невидливата сенка на Гилгамеш,*
*Над трепките,*
*Од згаснатите огнови на усните,*
*Последните букви,*
*Од дишењето,*
*Од ехото на срцето,*
*Во тишината на светот,*
*Последните букви од душата на Великиот,*
*Како златни зрнца на надежта,*

*Низ надежта на исчезнатите мириси*
*на вечноста*
*Невидливата сенка*
*на Гилгамеш,*
*Ги соединува и ги вообличува, -*
*Смислата повтор да им ја врати.*[36]

Ете како се сврзани во симбиоза смртта на Александар, неговата желба за вечен живот, од една, и копнежот на Гилгамеш за бесмртност, од друга страна. А зарем таа бесмртност, зарем тој вечен живот не е и вечен сон на човекот - на човекот дамнешен и на човекот сегашен?

*6. Антропоморфизација / Симболи*

Суштинско обележје на поезијата од Петре Бакевски се и бинарните опозиции, дихотомиите *горе - долу, небо - земја, Ерос - Танатос*. Она што се потенцира во оваа поезија е вечноста на небото, на космосот, на вселената, од една, и краткотрајноста и минливоста на човековиот живот, односно животот на индивидуата, од друга страна. Последново не го потенцираме случајно затоа што една од пораките на оваа поезија е и тоа дека токму тој „краткотраен“ живот на човекот е вечен, неуништлив, постојан. Тој живот е запишан, регистриран, зачуван во универзалната космичка мисла, во вечноста на вселената, во вечниот пламен на небесниот оган.[37] Таа универзална космичка мисла вечно го чува кодот на човековиот живот и вечно (ќе) го обновува.

[36] Сенката на Гилгамеш, во: Во сенката на мечот, цит. дело, стр. 304-305.

[37] Воопшто не е случајно ни тоа што овој избор од поезијата на Петре Бакевски носи наслов „Небесен оган“. Небото и огнот (вечноста нивна) се двата најзначајни симболи кои ја градат основата, базата на поезијата за која овде ние зборуваме.

Тргнувајќи од тоа, сосема е разбирлива онаа постапка на антропоморфизација на небото, земјата, ѕвездите,[38] сонцето, месечината: „Меѓу одливот и приливот на морето бела месечина/ ги држи водите прелеани/ над земјата и над небото";[39] Дали е тоа измама/ на небото кое заветно верува дека ја/ чува тајната на тишината, па во злокобни/ мигови сал бесот кон земјата го истресува!";[40] „Крвави земјата, небото...";[41] „Каков чудесен спој од згаснати/ ѕвезди кои занемени ѕиркаат во своите/ умножени сенки!".[42]

Огнот, небото, ѕвездите, сонцето, месечината, земјата, водата - сите тие се симболи на вечноста, на неуништливоста, на постојаноста. Сите тие се симболи за живот - вечен живот. Затоа тие во поезијата на Бакевски се „живи", антропоморфизирани; зашто тие се „живот" кој го памети, го меморира животот; тие го знаат и го паметат минатото; тие во себе го содржат и кодот на иднината; тие ги чуваат нашите корени од минатото; тие ги негуваат и длабоките корени на иднината. Небото и огнот се симболи на машкиот принцип; земјата и водата се симболи на женскиот принцип. Покрај тоа што во насловот од овој избор („Небесен оган") митски се нагласува вечноста преку удвојувањето, во поезијата на Бакевски среќаваме и еден ваков стих: „Што треба за молитва: извор со небесна вода".[43] Овој оксиморонски спој на машкиот и женскиот принцип („небесна вода"), бездруго, го имплицира вечниот живот, вечното зачнување, раѓање и постоење на животот.

Во поезијата на Петре Бакевски мошне интересна, па дури и очудувачка и загадочна, е симболиката на птицата. Во сета негова поезија речиси и нема песна во која

---

38 Една од поетските книги на Бакевски има наслов „Живи ѕвезди" (Македонска ревија, Скопје, 1992).

39 Учителот Леонида, во: Во сенката на мечот, цит. дело, стр. 70.

40 Ѕвездени самотници шетаат по сувите предели на земјата, во: Мојата Итака, цит. дело, стр. 56.

41 Мојата Итака, цит. дело, стр. 114.

42 Сејач на глуво семе, во: Мојата Итака, цит. дело, стр. 63.

43 Имаме ли молитва, во: Сто сонети, цит. дело, стр. 103.

не се спомнува зборот „птица“. Велиме дека таа симболика е „очудувачка“ затоа што станува збор за една полисемична употреба на овој симбол. Понекаде птицата е гласник на животот (како во Библијата): „Кога пак потопот беше, пак животот птица го откри“;[44] понекогаш тоа е црна птица: „меѓу сонот и јавето ги пробудив црните птици/ кои постојано ми колват во стравот од бели/ несоници“;[45] понекогаш тоа е бела птица: „бела птица да си буди - в мугри моќни!“;[46] а понекаде и се препнуваме на реторското прашање поврзано токму со птиците:

> *Чии се птиците? Каков род се и кое семе*
> *го разнесуваат? И зошто тажно се враќаат*
> *пред златниот залез во скриени гнезда од ветер?*
> *Дал имаат незнајни сили што високо, ноќум,*
> *ги држат во темен кафез и ги чуваат будно*
> *под ѕвездена стража што застрелува со небесен*
> *оган!...*[47]

Овој пример со полисемијата на симболот на птицата уште еднаш покажува дека поезијата на Бакевски има сложена структура од која бликаат бројни значенски рамништа. Тоа, секако, треба да биде и предизвик за идните проучувања на ова поетско дело.

### *7. Заклучни белешки*

Поезијата на Петре Бакевски претставува обемно, грандиозно литературно дело. Овој квантитет на неговите стихови е поткрепен и со поетски квалитет. Бакевски создава крупни поетски проекти кои во себе носат бројни значења,

[44] Антички Македонци, во: Елегии, цит. дело, стр. 78.
[45] Мојата Итака, цит. дело, стр. 41.
[46] Светилникот во Александрија, во: Балади, цит. дело, стр. 23.
[47] Сејач на глуво семе, во: Мојата Итака, цит. дело, стр. 61.

симболи, поуки и пораки. Темели на оваа поезија се митот, историјата, сегашноста и душевните состојби на лирскиот субјект кој е загледан во иднината. Стожерот околу кој се вртат сите негови стихови е лирско-епската потрага по идентитетот (индивидуален и национален), потрагата по смислата на постоењето, потрагата по најбезбедните и најбезболните патеки што животот го носат во иднината. Во неговата поезија, корените на минатото истовремено се и корени на сегашноста и корени на иднината. Бакевски трага токму по тоа - по длабоките корени на иднината!

Со поезијата на Петре Бакевски македонската литература е збогатена со необично, несекојдневно и мошне вредно поетско дело. Кога велиме „необично“ мислиме, пред сè, на безбројните стихови од кои тоа дело е составено и на застапеноста на разните поетски видови во него - од наједноставните до најсложените. Кога велиме „несекојдневно“ мислиме, пред сè, на онаа преокупираност на поетот со минатото, со митот и со историјата, што преминува дури и во опсесија. Кога велиме, пак, „мошне вредно“, тогаш мислиме, пред сè, на позитивните оценки што македонската книжевна критика ги искажа за поезијата на Бакевски. Бројните преводи од оваа поезија на повеќе странски јазици е само уште една потврда за нејзината вредност.

Веќе рековме дека Петре Бакевски последниве неколку години, на полето на поезијата, објави четири поеми. Тоа секако значи дека неговото поетско дело не е завршено, дека не е заокружено. А тоа, бездруго, значи и дека од овој поет и натаму треба да очекуваме сложени и вредни поетски зафати потпрени врз неговото богато стихотворно искуство.

*Ранко Младеноски*